**Известување за концентрација со која Јунајтед Груп Бугарија ЕООД од Бугарија ќе стекне самостојна контрола над Вива Корпорејт Бугарија ЕООД, Булсатком Инвестмент Лимитед од Обединетото Кралство и Булсатком ЕООД од Бугарија**

**(предмет бр. 08-163 од 2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 10.11.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се се однесува на стекнувањето на самостојна контрола од страна на Јунајтед Груп Бугарија ЕООД (со регистрирано седиште на 115и Цариградско шосе, 1784 Софија, Бугарија, над друштвата Вива Корпорејт Бугарија ЕООД со регистрирано седиште на ул. Фридтјоф Нансен 37А, 5ти кат, 1142, Софија, Бугарија, вклучувајќи ги и неговите зависни друштва Булсатком Инвестмент Лимитед со регистрирано седиште на Рутланд Хаус Ц/О Цсу Теам, Скваjр Патон Боггс (УК) ЛЛП, 148 Едмунд Стрит, Бирмингем, Б3 2ЈР, Обединетото Кралство, и Булсатком ЕООД со регистрирано седиште на ул. Магнаурска школа 15, 4ти кат, 1784 Софија, Бугарија.

**-Јунајтед Груп Бугарија** е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс, меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневното управување на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- **ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје**, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација

- **ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со дејности на агенција за маркетинг, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми, и

- **УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

Целните друштва **ВИВА Корпорејт Бугарија и Булсатком Инвестмент Лимитед** се холдинг друштва.

Друштвото **Булсатком ЕООД** е телекомуникациски оператор, со седиште во Софија, кој обезбедува услуги за дистрибуција на телевизиски медиумски содржини (првенствено преку сателитски и IPTV технологии), широкопојасен интернет и фиксна телефонија. Друштвото Булсатком ЕООД е основано во 2000 година.

Булсатком ЕООД нема зависни друштва во Северна Македонија и во претходната година не остварило приходи во Република Северна Македонија.

Подносителот смета дека релевантните пазари на стоки би можеле да се дефинираат како: пазар за обезбедување услуги на дистрибуција на медиумски содржини, пазар за обезбедување услуги на широкопојасен пристап на интернет и пазар за фиксна телефонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

15.11.2023 година

Скопје